СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 мај 1996 година

Скопје, мај 1996 година

**45 (ЧЕТИРИЕСЕТ И ПЕТТА) СЕДНИЦА - I ПРОДОЛЖЕЖИЕ, одржана на 16 мај 1996.Година**

1. АБДИ ФАИК 20, 49
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 30
3. АРСОВСКИ БРАНКО 43, 44
4. БОЈКОВ ИВАН 50
5. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ 83
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 77, 79
7. ИВАНОВСКИ АЛЕКСАНДАР 12
8. КОЦЕВСКИ АЦЕ 3, 58, 62, 63, 64
9. КАРОВ ЗВОНКО 54
10. МИНОВ ПАНЧО 21
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 4, 60
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ 27
13. НИКОЛОВСКИ ДУШАН 48
14. ОСМАНИ РУФИ 4, 7, 11, 14, 18
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1
16. ПАУНОВ ТОДОСИЈА 1, 2, 52
17. ПЕЦОВ МИРКО 56
18. ПОПОСКИ ЉУБОМИР 59, 60, 63
19. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈ 25, 26
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 38, 84
21. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ 78
22. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 37
23. ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ 46
24. ЧИФЛИГАНЕЦ ВАНЧО 32, 36

ГЛАСАЊЕ ОД Т.2-ЈАВНИ ПАТИШТА
... Т.3-стр.5; Т.4-стр.7; Т.5-стр.11:
Т.6-стр.55; Т.7-стр.56; Т.8-стр.57;
Т.10 и 11-стр.65; Т.12-стр.66;
Т.13-стр.67; Т.14-стр.68; Т.15-стр.69;
Т.16 и 17-стр.70; Т.18 и 19-стр.72;
Т.20 и 21-стр.73; Т.22 и 23-стр.74;
Т.24 и 25-стр.75; Т.25 и 26-стр.76;
Т.28-стр.77; Т.29 и 30-стр.80;
Т.31 и 32-стр.81; Т.33-стр.82;
Т.34 и 35-стр.83;

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА СО ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 мај 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали имаме услови за работа?

Продолжуваме со работа.

Им се извинувам на одговорните пратеници, меѓутоа касниме заради отсуство на неодговорните. И ве молам за малку трпение.

Пратениците Митко Илиевски, Благој Стефановски, Вељо Тантаров, Нано Ружин, Драган Георгиев, Живко Јанкуловски, Ристо Масев и Хисен Рамадани ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Дополнително сум известен дека и господинот Сами Ибраими најавил отсуство.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Тодосија Паунов има деловничка интервенција.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, претседателот на Собранието на Република Македонија ја закажа Четириесет и петтата седница за вчерашниот ден. Вчерашниот ден не почна седницата на време туку со задоцнување. Заради тоа мораше да продолжи денеска во 10,00 часот. Претседателот на Собранието прашува дали има услови да работиме денеска. Се прашувам зошто тоа претседателот да праша. Кои

се причините, кои се поводите. По се изгледа дека нема доволно пратеници во салата денеска. До кога вака ќе чекаме на некои пратеници кои не доаѓаат редовно на седниците. Дали мислиме дека имаме Влада, дека има- ме стручни кадри дека имаме раководство заангажирано за состојбите, за работите службено заангажирани, а ние ги повикуваме да присуствуваа на седницата на Собранието, а седницата доцни, не ја одржуваме. Заради тоа предлагам од денес натаму кога претседателот ќе закажи седница во тоа време да се изврши прозивка на пратениците кои се присутни. Денеска седницата беше закажана во 10,00 часот, во 10,00 часот прозивка. Ако претседателот е зафатен со државни и други функции што ги има во Собранието да ги врши, потпретседателот односно потпретседателите, односно секретарот, или друго службено лице да изврши прозивка во 10,00 часот. Сите пратеници што ќе каснат, не се присутни на таа седница заради тоа што каснат во времето. Не би требало да се малтретираме и другите кои што сме присутни. Понатаму јас еднаш го реков тоа на седницата на Собранието, плата има да земат пратениците кои се присутни редовно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е деловничка интервенција.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Ако јас бидам присутен на четири седници имам плата, ако присуствувам на две седници, треба да добијам половина плата. Тоа исто така се однесува и за дневниците. Мислам дека Парламентот мора да има една дисциплина, еден ред во иднина. Сега барам да бидеме прозивани кои сме присутни и да почнеме со работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е како укажување. Господинот Тодосие Паунов, мислам дека не го постави прашањето за кворум.

Продолжуваме со работа.

I/3

Аце Коцевски има деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, пратеничката група на Либералната партија не е подготвена да го поддржи Законот за јавни патишта и ќе гласа против неговото донесување од најмалку четири суштински причини.

Прво, затоа што иако се работи за законски проект со кој се уредуваат финансирањето, изградбата, одржувањето, користењето и управувањето на јавните патишта, прашања кои се од јавен карактер, прашања кои се од јавен интерес за сите граѓани на Република Македонија, затоа што и средствата што се употребуваат за финансирањето и изградбата на тие патишта доаѓаат од сите граѓани на Република Македонија не се утврдуваат на начин за да може јавноста, односно граѓаните на Република Македонија да имаат увид во спроведувањето на утврдената политика и во реализирањето на финансиските средства што се употребуваат за таа намена. Значи земена е од надлежност на Собранието и пренесено е во една мала група, односно Владата на Република Македонија вон очите на јавноста во Република Македонија.

Второ, затоа што не се согласуваме со концепцискиот приод на Владата Фондот да биде во нејзина надлежност а не под контрола на Собранието на Република Македонија, односно финансирањето, трошењето на средствата за изградбата на јавните патишта да оди преку фондот кој директно одговара, односно поднесува извештај и неговата програма ја усвојува Владата на Република Македонија а не Собранието на Република Македонија како што беше досегашната пракса.

Трета причина иако Собранието дава гаранции за меѓународното задолжување на Република Македонија односно за задолжувањето по пат на кредити и други долгувања за изградба на патната мрежа во

Република Македонија договорите ги потпишува Фондот, Фондот одговара пред Владата, значи Собранието на Република Македонија иако ги дава гаранциите за задолжувањата воопшто е исклучен од целата таа концепција и нема никаков увид во реализацијата на програмите и на финансирањето на тие програми.

И четвртата причина се ова кажано претходно заедно значи одредена деградација на парламентарниот систем, бидејќи предложените решенија повеќе соодветствуваат на претседателски системи со нагласени ингеренции на извршната власт, а нашиот политички систем е малку поинаков од класичниот претседателски систем.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, ќе гласам против овој закон покрај оние образложение кој што ги даде координаторот на Пратеничката група на Либералната партија и уште еден затоа што вчера имавме неколку амандмани кои што се однесуваа на член 106 по однос на процентот на учеството на патиштата во вкупната сума на Фондот. Но тие амандмани од Либералната партија, од пратениците на Либералната партија не беа усвоени, а беше усвоен амандман кој што беше предложен од група пратеници од СДС со кој што се намали за 5% сумата на средства што се однесува на улици, а тоа многу штетно ќе се одрази на поголемите градови во Републикава за сметка на некои помали места, а со оглед на тоа што сум од Битола, каде што очигледно многу ќе има недостаток од ваквиот амандман кој што го усвоија една група пратеници од СДС. Сакам да искажам дека ќе гласам против овој закон.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас само кратко. Во име на Пратеничката група на ПДП-А-НДП токму поради усвоениот амандман кој вчера ја промени структурата во полза на локалните патишта пратеничката група на ПДП-А-НДП ќе биде

воздржана од гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Преминуваме на гласање по предлогот на законот за јавни патишта.

Кој е за, молам да крене рака? (47 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (17)

Дали некој се воздржува од гласање? (7)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за јавни патишта.

Минуваме на **точката 3** - Предлог за донесуваше на закон за единствениот даночен број на даночните обврзници со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за единствениот даночен број на даночните обврзници.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Никој) Д

али некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 6 став 1, член 7, член 9 став 1, член 11, член 13 став 1 и на член 14 став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 9 став 2 и на член 12.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 поднесен од Законодавно - правната комисија. Со овој амандман се согласил поверени- кот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи со>овој амандман се врши допрецизиање на член 9 став 2 Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од Законодавно правната комисија.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата исто така го прифаќа и овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за единствени< даночен број на даночните обврзници.

Минуваме на **точката 4** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за даноците на имот со Предлог на закон.

Предлогот за донесуваше на закон со предлог на законот и мислењето на Владата на Република Македонија како и извештаите на работните тела ан Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Кој бара збор?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани присутни во салата, јас излегов на говорница во некоја смисла да се потрудам да приложам дополнителни аргументи и да докажам дека мислењето на Владата по основ на овој мој закон воопшто не кореспондира со суштината на Законот која јас ценам да ја> постигнам преку овој предлог на закон. Имено ако се анализира мислењето на Владата на Република Македонија во тоа мислење се врши само една дескрипција за содржината на законот за даноците на

имот која дискрипција јас воопшто не ја негирам ниту ја менувам со мојот предлог. Таму се кажува за начинот на пресметување на данокот на имот, се кажува дека е тоа усталена пракса да тој данок на имот го плаќа обично продавачот на имотот и се констатира на крај дека со овој мој предлог би се вовела обврската за плаќаше на данокот на имот од продавачот на купувачот. Што дефакто е само делумна вистина, или воопшто можеби и некореспондира со вистината. Имено што јас предлагам. Со постојниот закон за даноци на имот е дадено правото да при купопродажба на недвижниот имот обврската по основ на данок на промет паѓа на терет на продавачот. Од друга страна паралелно ние имаме законот за гаранција на девизните штедни влогови во кој закон е дадено правото да преку овие девизни штедни влогови се плаќа данокот на промет на недвижности. И кога ќе се анализира само овој закон во тој случај ќе се констатира дека навистина постои ова право кое право сигурно ќе настојуваат девизните штедачи да го искористуваат како право. Но, кога ќе се споредат решенијата во Законот за даноци на имот и решенија во Законот со кој се гарантираат овие заробени девизи ќе се констатира дека ова право што првиот закон го дава делумно го ограничува вториот закон;. Поаѓајќи од овие претпоставки, поаѓајќи од причините дека и со другите олеснувања што ги дава законот за заробени девизи во праксата се случува сосема спротивност. Јас предложив со мојот закон да обврската постои основ на данок на промет на недвижности ние го оставаме на волјата на договарачите т.е. да го плаќаат според. договорот или продавачот или купувачот во зависност од нивниот договор. Во случајот воопшто не се променува суштината на плаќање на даноците на промет кој е усталена и при плаќање на сите други јавни давачки, додека пак од друга страна добиваме компатибилност помеѓу законот за заробени девизи и законот за данок на имот. Значи тоа е целата суштина на овој мој предлог.

Инаку јас мислам дека има потреба во оваа прилика да се каже дека ако се усвои овој мој предлог, овој закон за заробени девизи има важност само до крајот на оваа година, додека пак штедачите на заробени девизи по овој основ имаат повратено за три години, значи од 1993, 1994 и 1995 година само 0,49 милиони германски марки, или во просек 196 илјади германски марки годишно. Што значи дека во никој случај ако се прифати оваа моја алтернатива нема да се пореметат билансните шеми утврдени во Буџетот на Република Македонија. Ние само даваме еден мал допринос во сосема мала релаксирана состојба во однос на девизните штедачи и овозможуваме да правото кое го дава едниот закон да во потполност се реализира и преку другиот закон. Значи тука немаме во суштина никаква суштинска; промена од аспект на она што го размислува Владата и што го истакнува во своето образложение.

Понатаму должен сум да образложам дека постојат дилеми, дека наводно со оваа промена што јас ја предлагам дека општините ќе останат без овој извор на средства, што воопшто не е точно. Значи тие средства фискални по основ на данокот на промет на недвижности пак остануваат да се искористуваат од локалната самоуправа. Јас не предлагам предестинација на изворот на средствата. Јас предлагам само да тоа право го имаат и купувачите и продавачите во зависност од нивниот договор. И не случајно во моето образложение јас го спомнувам и дотичниот член на законот со кој се гарантираат заробените девизи што пак од друга страна воопшто Владата на Република Македонија во своето мислење и образложение не го спомнува овој закон што за мене во случајот е многу битен и затоа јас предлагам да се промени Законот за даноци на имот. Мислам дека ако се прифати овој предлог на закон, да заклучам државата воопшто нема ништо да губи.

I/10

Понатаму,ние ќе вршиме усогласување на два постојни закона кои во некоја смисла се поддудараат во оваа сфера и ќе елиминираме еден би рекол голем недостаток кој постои во правниот систем во Македонија да решенијата на едниот закон ги суспендира делумно, или целосно решенијата вградени во другиот закон.

Трето,ќе овозможиме да ова право што го имаме дадено со Законот за зарабоени девизи кое право е многу симболично и минорно во однос на големиот проблем кој постои во Македонија со заробените девизи да им овозможиме на тие штедачи да ја искористат и оваа можност.

Четврто, воопшто нема да се поремети билансната шема на Републичкиот буџет имајќи предвид дека финансиските средства кои ќе бидат во прилог на тој буџет по основ на продажба на општествени претпријатија, по основ на продажба на деловен простор.

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Законите кои се донесуваат треба да бидат во интерес на граѓаните. Доколку по основ на плаќање на тие рати кои допрва доспеваат ќе исфрлат на површина и вишок на средства по овој основ.

Јас укажувам во оваа прилика дека има во подготовка измена и дополнуваше на тој закон во поголема мера од ова што сега го предлагам, па во зависност од вашето расположение, кое сум убеден дека ќе биде позитивно, сигурно во перспектива ќе ги предложиме тие измени и дополнувања.

Значи, предлагам да се прифати оваа измена, која е од технички карактер и која во суштина врши усогласување на еден закон со решенијата на другиот закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за даноците на имоти.

Кој е за, молам да крене рака?

23 пратеника гласаа за.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на **точката 5** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

II/2.-

Има збор г-динот Ивановски, предлагач на законот.

Ве известувам дека г-динот Ивановски го повлече Предлогот на законот.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Пред нас се наоѓа предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата. Јас во вчерашното свое настапување го повлеков предлогот на законот и ви обеќав дека ќе ви дадам образложение зошто го предлагам само Предлогот за донесување односно во две фази.

Иако се работи за закон кој има само еден член во својата содржина во суштина тој закон влегува во сите пори на должничко доверителните односи во општеството било да се работи на правни субјекти или субјекти од персонален карактер. Веднаш да кажам, а тоа го имам и во предлогот за донесување дека мојата определба е да сегашната виси на каматната стапка на затезната камата по мое убедување е висока. тоа е и основната причина зошто го предлагав и овој закон за вршење на измена на законот.

На сите вас ви е познато дека во должничко доверителните односи покрај договорените односи во услови на неисполнување на договорените односи и настанатите спорови во деворително должничките односи настапува овој закон во нивното расчистување односно заштитување или од друга страна казнување.

Задолжувањата и обврските по основ на промет на производи стоки, услуги, задолжувањата и обврските по основ на кредити и на заеми, задолжувањата и обврските по основ на услуги од јавните претпријатија, по основ на користење на енергија и по други безброј услуги користени од јавните претпријатија се под удар или под заштита на овој закон односно законот за стапката на затезната камата.

II/3.-

Точно е и во мојот предлог се задржува потребата од функцијата дека треба да постои казна затоа што и законот има карактер на казна, казнен закон, казнена камата. Во исто време има и во мојот предлог институција, инструмент на заштита на доверителот. Меѓутоа во тој дел на казнуваше на должникот како и заштита, инструментот на заштитување на доверителот мора да има некои граници на реалности. Тоа значи дека таа реалност или стапката висината на стапката треба да биде што е можно пореална за да би и двата партнери, и доверителот и должникот бидат на некој начин заштитени.

Имајќи ги во предвид тие основи и претпоставки се враќам на основната поента што ме водеше за да го предложам предлогот да се намали стапката. Сметам сегашната стапка од 36% на годишно ниво е највисока. Меѓу другото е висока и затоа што кога е донесена, пред 2-3 години со одредено намалување се повикувале предлагачите и донесувачите односно парламентот дека влијаеле многу елементи од економ- ската сфера, како што е нестабилност на цените, високата стапка на инфлацијата, нестабилната се уште вредност на денарот, сметам дека тие причини се во овој момент не постојат во таква форма и дека и инфлација та и стабилноста на цените се релативно добри и далеку подобри од она време кога бил донесен законот кој подлежи со мојот предлог на менување односно намалување на стапката.

Сигурно дека го имате прочитано извештајот на надлежните комисии како и мислењето на Владата во однос на предлогот, но јас сакам да ви кажам дека укажувањата на комисиите, како и мислењето на Владата ги има во предвид во моментот кога се одлучив да го повлечам предлогот на законот односно овој закон да се донесува во две фази за да би имале време сите укажувања посебно од членовите на Комисијата за буџет и финансии како и мислењето на Владата да ги разгледам соодветно и во времето на давање на предлогот на закон ги респектирам и ги вградам онака како ќе мислам јас а, да бидат задоволени и идеално

вградени, онака како што се укажува и од комисиите и од Владата. со тоа сметам дека ќе водам сметка да биде застапен соодносот на каматните стапки на деловните и финансиски институции во однос на кредитите, како и ескортната стапка на Народната банка кои ќе бидат база или некој соодnos или некој вид на пондерација и на крај тоа ќе биде основата што ќе ги земам во предвид за вградување во конечниот предлог. Јас во исто време сега користам прилика да ви кажам дека евентуалните ваши укажувања во однос на предлогот за донесување на закон ќе ги имам предвид и ќе ги користам при донесувањето на конечниот предлог на законот.

На крај не ми останува ништо друго туку да ви искажам благодарност на трпението и вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе се вклучам во оваа дебата по овој предлог на закон независно што колегата по струка е доктор на вистина има еден погоден предлог за кој заслужува навистина еден јавен комплимент.

Мислам дека проблемот со затезната камата е еден голем проблем, суштински проблем, проблем чии последици многу шокантно делуваат врз правните лица. Јас сум длабоко уверен дека овде има директори кои сигурно го имаат осетено на своја кожа, условно кажано, последиците на една тотално нестручно водена политика на Владата на Македонија преку висината на затезната камата. Јас мислам дека ваквата нестручно водена политика која е еден инструмент во макроекономската политика во голема мерка ги банкротираше должниците во Република Македонија и кога го анализирам мислењето што оваа влада го има дадено навистина не ми останува ништо друго

освен да се чудам како за едно толку крупно и битно прашање укажува само со неколку реченици и кажуваат дека Владата го има предвид овој проблем и ќе прави некакви анализи за да после одредено време констатира она што го констатира г-динот предлагач, она што веќе е јасно две години во Македонија дека висината на затезната камата воопшто не е реална и воопшто не кореспондира со висината на инфлацијата во Македонија и со висината на стапките на каматите на банкарските пласмани како два индикатора врз кои се засновува и висината на затезната камата. Јас ќе поставам и една дилема пред да ги кажам своите размислувања.

Јас сум длабоко уверен дека откако ќе биде направена таа анализа ќе се констатира она што го предлага предлагачот, ќе се кон- статира она што голем број стопанственици во Македонија веќе одамна го констатирале и во тој случај ако ние би имале навистина правна држава сигурно би се тужела оваа Влада, па може би и овој парламент за големите штети кои се нанесени на должниците токму поради висината на ова затезна камата која висина на затезна камата, просто едноставно кажано ги банкротира должниците во Македонија. некој ќе мисли дека јас се залагам да ги штитам должниците на сметка на доверителите што воопшто не е точно.

Сигурно дека затезната камата, како што рече предлагачот, е казнена камата во функција на заштита на капиталот на доверителите како последица на непочитување на роковите за плаќање од страна на должниците и во случаевите кога каматата во должничко доверителните односи воопшто не била третирана и нормирана како правна категорија и во такви случаи стапува во сила затезната камата.

Инаку, јас сум должен во оваа прилика, лично поради себе, но и поради вас да ги изнесам следните аргументи во прилог на констатациите кои ги реков дека навистина оваа Влада во континуитет, не само што нема адекватна макроекономска политика но многу лошо ја води и тековната економска политика.

II/6.-

Во прилог на моето искажување ќе ги изнесам следниве факти.

Анализирајќи ги ефектите на затезната камата за економијата на Македонија ќе се констатира дека овој инструмент во голема мера нестручно е воден од актуелната Влада на Македонија и тоа во подолг период. На што се базира оваа моја констатација?

До 1992 година вообичанео висината на затезната камата а со тоа и висината на есконтната стапка врз која основа се формира и затезната камата секој пат беа испод нивото на инфлацијата, факт кој директно ги оштетуваше доверителите во корист на должниците. Овој негативен тренд се надмина во почетокот на 1993 година и по прв пат се воведе реална казнена камата во функција на заштита на интересите на доверителите. Но, кога ќе се анализира висината на затезната камата од почетокот на 1993 година до денес ќе се констатира спротивната тенденција во однос на периодот до 1992 година. Сега пак имаме далеку поголема затезна камата во однос и на инфлацијата и во однос на банкарски камати кои се наплатуваат за банкарски пласмани. Значи, водена е и се води политика која од друга страна наполно ги упропасти должниците. во оваа прилика ќе спомнам само еден пример. Токму поради оваа затезна камата се упропасти ЧИК од Куманово. Неколку статистички податоци со компаративна анализа во однос и на високата затезна камата, инфлацијата и банкарските камати ќе ја потврдат и изречената констатација. Наспроти фактот што во 1993 година, имавме инфлација од 176% на годишно ниво затезната камата се движеше од 1925 за месец јануари, 1665% за месец февруари 1960% за месец март, 2600% за месец април итн итн. Додека пак за 1994 година наспроти инфлацијата од 30% затезната камата се движеше од 977% на годишно ниво јануари пред 1287%. Во 1995 година наспроти 10% инфлација затезната камата се движеше во ви- сина од над 70% на годишно ниво. НО, бидејќи начинот на пресметка е комплициран и од споменатите

стапки не се добива јасна слика за реалната слика на затезната камата односно на висината на стапките на затезната камата ќе спомнат во оваа прилика една споредба. Во месец април 19 95 година, наспроти стапка од 8,5% ние имавме стапка на затезна камата од над 35% односно скоро за 400% поголема реална затезна камата отколку инфлацијата.

III/1. -СП/МЛ

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Сега, нека повели некој, па нека ми докаже дека има правни лица кои остваруваат добивка односно бруто маржа со над тој процент за да можат да ја покријат таа затезна камата. Ваквата енормна голема затезна камата продолжува. Значи, во континуитет во 1993, 1994, 1995 година, па продолжува до ден денеска.

Кои се последиците на ваквата затезна камата во услови во кои стопанисува економијата во Македонија при водење на една тотално рестриктивна монетарна политика, односно во услови кога ценат ана капиталот е многу висока во услови кога стопанството страда од голема неликвидност за обртни средства. Ваквата казнена политика доведе до голем одлив на капиталот од должниците во полза на доверителите и тоа во сразмер во нелогични и несразмерни, пред се како последица токму на висината на затезната камата и на начинот на пресметување на оваа затезна камата што Уставниот суд го оспори како неточен начин на пресметување на оваа затезна камата.

Ваквата затезна камата во целост не само што ги уништи должниците како правни лица, туку ги уништи и должниците како граѓани особено колегата спомна, а јас сум должен уште еднаш да се осврнам дека контактирајте со вашиот електорат, електорат кој има ненаплатени сметки по основ на електрична енергија, по основ на ПТТ, по основ на комунални претпријатија и ќе утврдите во нивните сметки дека висината на оваа затезна камата е енормно и нелогично многу поголема само како камата во однос на главницата и ќе востановите дека токму поради оваа политика на водење на затезна камата се упропасти голем дел на нашето граѓанство и дојдовме во ситуација на прагот на XX1-от век нашите луѓе да живеат без електрична енергија, без телефон, без приклучок на комуналии и н., а сигурно нашата вина во таа нивна

трагедија сигурно е голема.

Понатаму, од овој осврт што беше краток, а можеше да биде многу поширок не сакам да се стекне мислење дека ги штитам должниците на сметка на доверителите. Напротив, заштита за доверителите да и сигурно да, но таа заштита мора да биде реално заснована на стапката на инфлација која се следи и објавува секој месец заснована на висината на стапките на банкарските пласмани и мора во тој меѓупростор да се наоѓа и висината на затезната камата.

Предлогот кој јас го дадов на Комисијата за финансирање и буџет кој предлагачот го зеде предвид и кој предлог се подудара со размислувањето на Владата изразено само во една реченица, јас сум длабоко убеден дека оваа затезна камата и оваа политика која се води и се водеше преку оваа затезна камата исфрла на површина дека нашата Влада, за жал, многу споро реагира или воопшто не реагира на тенденциите кои се случуваат во економијата, во животот, воопшто не врши адекватно усогласување на тие реални движења со својата политика која ја води и ќе се постави прашањето кој ќе ги сноси последиците. Последиците се многу јасни изразени преку голем број на стечајни претпријатија, преку голем број на банкротирани фирми, преку енормен број на стечајни работници и кога ќе се анализираат овие причини, а кои се цени да се елиминираат преку некоја си наводна социјална политика, не може, а да не се констатира, дека постои голема хипокризија и нестручност во водење на оваа тековна политика, па во таа смисла мене лично ми е драго што предлогот на господинот е прифатен во прва фаза, па да се надева- ме дека можеби овој предлог ќе биде усогласен со реалната висина на овие два параметри и ќе дадам еден мал придонес за економскиот амбиент да се подобри во полза на сите правни лица и граѓани на Македонија.

III/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господин претседателе, дами и господа пратеници, морам да признам дека вчера одејќи на моето место да седнам не го разбрав добро нашиот потпретседател господинот Трпески и во разговор надвор со него ми кажа дека е дадено упатство на судовите како да постапат по овие тужби што се оптужени, значи со многу помала затезна камата, не знам како е тоа. Сметам дека тоа не е во ред организација да се тужи или правно физичко лице да се тужи и адвокатот да земе на таа висина не знам колку промили и сега судот ќе рече не на тој начин, туку на овој начин. Сметам дека тоа е работа на ова законодавно Собрание овде да донесе одлука за намалување на затезната камата.

Ако внимателно го слушавме предлагачот и поготово господинот Руфи Османи, да ви кажам право дека ја гледам мојата младост кај него, да, да, ние ја осиромашивме Република Македонија и секој се прашува зошто пропаѓаат фирмите, зошто работниците останаа без работа, зошто имаме напуштање, зошто ова, зошто она, слушнете, затезна камата од 400% тоа е од "Службен весник на Република Македонија" и ако направиме само еден преглед, стопанствениците што се овде или надвор од фирмите од нас, од Собранието само една табела на остварена акумулација во тековната година и на вкупната општествена акумулација вклучувајќи ја и амортизацијата, нема ништо ниту за организацијата, ниту за општеството. Тоа значи подјадување, а тоа се движи некаде во круг и некој друг користи за да може да се направи нешто лошо, односно да се направи нешто што би значело крах во стопанството и ве молам, ова што го предложи предлагачот на законот

јас вчера кажав нешто на една од наредните седници што побрзо тоа да дојде на дневен ред овде и што побрзо тоа ќе го направиме, побрзо и поубаво ќе живееме како граѓани а и како работни организации. Вчера, предлагајќи на дневен ред нешто вакво имав намера токму да дадам едно образложение многу поголемо од она што сега го кажувам, меѓутоа, добро е што двајцата колеги дадоа соодветни образложенија, мислам дека е доволен аргумент, а сите сме луѓе од Република Македонија, сите живееме во Република Македонија, граѓани сме на Република Македонија и стопанственици и нестопанственици, нестопанството многу користи од ова, но нека простат тоа е тоа и јас сметам дека што побрзо дојде овде толку е подобро за граѓаните на Република Македонија и воопшто за стопанството на Република Македонија за економијата, за макроекономската политика која ќе може пак од други средства на друг начин да црпи средства како што е да речеме данок од добивка, а не само персонален данок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, апсолутно поддржувајќи го Предлогот за донесување на законот за измени на Законот за висината на стапките на затезните камати, сакам посебно да одбележам дека по едно подолго очекување без малку од почетокот на нашиот мандат еве имаме една срећна прилика да расправаме по едно законско решение кое е во апсолутно позитивна функција на стопанството.

Морам да кажам дека предлозите од Владата отсуствуваат во законски решенија барем со вакви предлози на закони кои се од интерес

на стопанството. Кога велам на стопанството овде се постави непотребно прашање дека со овој закон се штитат должниците односно тие што имаат долгови спрема доверителите, сметам дека тоа е неиздржано и неточно затоа што со едно вакво законско решение кое по својата суштина значи растоварување и намалување на делот на затезната камата, фактички тоа е во интерес и на должниците и на доверителите. Зошто? Затоа што не е интерес и на самите доверители енормното без логично високо оптоварување со затезна камата не е во интерес ни на доверителите, затоа што нема никакви реални шанси должниците тоа да го платат.

Посебно сакам да одбележам дека овој предлог доаѓа не од Владата, туку од наш колега пратеник и би продолжил со мојата дискусија коментирајќи го мислењето од Владата.

Се кажува дека во смисла да не се прифати овој предлог за донесување закон, се кажува дека односно се објаснува дека затезната камата е по функција казнива и 50% од есконтната стапка колку е 200% казниво, казниво е и 50% и овде е во функција на заштита на доверителите. Исто и ваквата камата од 50% од есконтната стапка е исто така во функција на доверителите, како што кажа претходникот. Не треба посебно да се биде финансиер или економиста да се одобри констатацијата од Комисијата за финансирање и буџет каде што многу логично се објаснува дека амбиентот и состојбата на донесување на постојниот закон кога инфлацијата била 200% го диктирала и едно такво определување на висината на затезната камата кога сите ние се аргументираме во добра финансиска наводна политика со намалена инфлација логично е да се пристапи кон едно предлагање на законско решение што ќе значи таквата висина на затезна камата која одговарала на енормно висока инфлација која сега не е последично да резултира во

донесување на овој закон со намалување на висината на затезната камата.

Посебно би го коментирал последниот пасос од Мислењето на Владата каде таа сепак признава дека е погрешна досега водената финансиска и економска политика во делот на каматите, пред се на затезните камати и вика и покрај неприфаќањето на овој закон ќе се пристапи кон некое анализирање на состојбите и ако се испита оправданоста, ќе се намали.

Јас би дал една сугестија дека лаички гледано, а инаку неспорен факт е дека ваквата каматна политика посебно делот на затезните камати за последица имаат катастрофална состојба во задолжувањето и големите проблеми на статусната положба со голем број на претпријатија во стечајна постапка и ликвидација. Ова ги доведува банките за главен сопственик на претпријатијата, овде беше кажано и ќе го потенцирам дека неплатените придонеси се еден од главните проблеми на решавање на статусната положба на работен однос на претпријатието, на социјалното осигурување на работниците, голем број од претпријатијата кои на време не ги исплатиле придонесите со ваквата камата посебно со затезните камати, нема никакви реални шанси да ги исплатат придонесите на работниците и неоправдано предолго постоело затајување од интервенција со конкретна мерка на Владата да се интервенира во тој дел за да стане реално, подносливо, мислам финансиски подносливо, односно стопанските субјекти да ги регулираат обврските со наплатата на придонесите, а тоа е врзано и со разрешување на проблемите и со здравствено осигурување и регулирање на пензиското осигурување на голем број работници во претпријатијата кои се загушени со должничките обврски пред се и меѓу другото како најбитен фактор од ваквата каматна политика со затезната камата.

III/7.-

Ова истото се однесува и на прашањето за потрошувачката на електричната енергија, истото се однесува и за другите услуги каде исто така со една ваква каматна политика без еден реален осет за проблемите и нарушените текови на должничко доверителните односи земајќи го предвид само интересот на субјектот кој е корисник на каматата дали е тоа соодветните фондови кои ги собираат средствата од придонесите или јавните претпријатија за електростопанство, ПТТ и слично се генератори на многу голем број на проблеми на граѓаните и на работниците.

Сметам дека Владата анализирајќи го вака овој проблем во многу ќе придонесе ако законското решение, а уште повеќе и мерките на економската политика ќе значат едно растоварување на досега извршените нереални задолжувања на претпријатијата кои се во многу тешка состојба на кои им се заканува стечај и ликвидација кои не можат да ги разрешат своите проблеми во процесот на приватизацијата поради големиот број задолжувања. На голем број работници и граѓани кои не можат да си го регулираат здравственото осигурување, пензиското осигурување заради големото оптоварување со придонеси каматизирани посебно со затезна камата. Со едно такво решение се очекува од Владата и во изготвувањето на Предлогот на закон со денешното усвојување на овој закон очекувам ова да се сфати покомплексно, бидејќи предизвиканите последици од ваквата енормна затезна камата има комплексно негативни рефлекси во многу сегменти и проблеми кај граѓанството на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојковски.

III/8.-

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Ќе бидам многу краток, бидејќи немав намера да дискутирам, меѓутоа сакам да кажам дека пред нас е еден Предлог аз донесување на закон и закон кој го бара времето. Овој закон, морам да кажам, доаѓа од пратеник и мораме да бидеме среќни што меѓу нас има луѓе кои ги следат токовите. Не би сакал да кажам дека Владата во изминатиот период мораше да реагира малку порано од проста причина што Законот за затезни камати донесен 1993 година, години во кои имав- ме огромна инфлација овој закон беше реален и требаше таков да би- де, бидејќи мораше да се штити капиталот на давателот. Ако не го штитевме преку вакви затезни камати, тогаш инфлацијата ќе си го направеше нормално она што требаше да го направи.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (продолжение)

Ние, минатата година ја завршивме со многу мала инфлација Меѓутоа, иако поминаа веќе 4-5 месеци од таа година, иако во оваа година имаме многу мала инфлација, ние во оваа сфера не направивме ништо. Сметам дека ова сега што се предлага од нашиот пратеник соодветствува на времето и навистина треба што побрзо да го донесеме наслoжувајќи се со некои дискусии дека таа затезна камата беше и главниот генератор за стечај и пропаѓање на сето тоа. Бидејќи, кога земаме за право да дискутираме по една таква проблематика, ќе мора да ги согледаме сите други односи кои владееле во оваа економска сфера. Стечаите потекнаа од големите камати банкови камати, како што се вели, за кои и ден денеска се големи.

Ние зборуваме само за еден секгент за намалување на затезната камата, казнената камата, за недисциплинираните. Меѓутоа, останува главниот сегкетн што претставува тешкотија во работгење на секоја индустрија и претпријатие, 23, 24, 25% банкова камата. Не постои економија која може да направи таков обрт за да овие каматз ги направи или да може да ги врати да бидат позитивни.

Сметам дека е добро што предлагачот има чувство овој Предлог што го донесува во две фази бидејќи овде мора да се поведе сметка каква е банчината камата за да ја одредиме и затезната камата за да не дојдеме во ситуација затезната камата да биде на еден начин поприфатлива да ја плаќаме отколку банковата камата. Ние имаме многу висока банкова камата. Затоа сметам дека треба да поведеме сметка и сигурно предлагачот од тие работи трга во две фази да не дојдеме во една друга состојба на финансиска недициплина.

IV/2.-

Влегување во финансиска недисциплина за нашава држава ќе предизвика уште потешки и нерешливи проблеми. Сметам дека предлогот што е даден процентот од 50% над есконтната камата да биде затезнатг камата е добар, бидејќи вкупната затезна камата со есконтната камата некаде околу 36% ќе изнесува годишно и таа е повисока од банчината камата која сега изнесува. Меѓутоа, сигурно има место да се размислува околу овој процент токму од причина да не дојдеме во состојба на работи што ќе предизвикаат неплаќање на земените обврски спрема давателите.

Само толку,

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ване Наумовски

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани колеги,

Само неколку реченици во врска со оваа точка што и на Комисијата за финансирање и буџет едноставно беше заземен став за неопходноста од промена на овој закон во овој момент. Полемиките беа водени во однос на процентот што предлагачот го даваше во тој момент.

Мора да се има предвид фактот дека битна работа при утврдување на затезната камата е нејзината појдовна основица, а тоа е есконтната стапка која во моментот во државата изнесува 12, но факт е дека таа е променлива и на некој начин стапка што во поранешните периоди на живеење на економско делување на оваа држава имаше свое значење.

Втора работа, во Предлогот на законот по мое гледање е односот банкарска - затезна камата. Постојната бајкарска камата е 22, наспроти

IV/3.-

Предлогот што се дава 18. Во моментов, за мене, како економиста е неприфатливо. Минимум барем затезната камата да се движи до нивото на банкарските камати. Во Македонија тие, да речеме во Битола Стопанска банка се движат од 22 до 25 во одредени банки. Тоа е втора работа.

Трета работа, методот на пресметување, но гледајќи ја конформната метода што се применува согласно овој закон, доаѓаме до исти резултати.

Четврта работа е неликвидноста. Мораме да бидеме претпазливи при донесување на ваков закон со самото носење на ниска стапка на затезна камата сите вложувања што се, а мораме да признаеме дека во државата Македонија имаме и стрнаски вложувања, дека сепак странскиот вложувач сепак ќе праша за висината на затезната камата, односно заштитната мерка на своето вложување што го има во моментот. Тоа како сугестија на предлагачот да го има предвид при донесувањето на предлогот на закон.

Петта работа е стапка на инфлацијата како елемент во утврдување односно параметар на корекција при донесување на овој закон.

Друга работа сакам да напомнам, цело време овде се спомнува односот должник. Сите, како правни субјекти, било кое правно лице е и должник, но и побарувач. Ако должам некому, тогаш секако сум,за пониска затезна камата, но ако побарува, во секој случај ќе барам таа камата да има ниво односно тоа мое побарување односно изгубени пари, односно изгубени средства ќе го добијат нивото на кое ќе ни се вратат. Сведоци бевме во овој период одредени побарувања да несе наплаќаат

со години. Тој што го зеде тоа секако го заврте два-три пати, створи за сметка на мене огромен капитал. Тоа е факт.

Уште една работа сакам да напомнам, како сугестија, да се погледаат височините на затезните камати во земјите што се на слично ниво на развој на инфлација како Македонија. Македонија во овој период што се наоѓа спореден со сличните, таков податок не сретнавме, а би требале да го имаме како сознание.

Четврта работа, може ли како идеа или после во Законот би можело како амандман да се поднесе, мое гледаше на работните е а тоа беше спомнато од одредени колеги, затезнаната камата во овој момент навистина стопанството го доведе во навистина тешка состојба, од причина што тоа да важи само за должничко - доверителните односи, односно за делот на придонесите и даноците од личен доход фактички можеме ние да определиме таква поделба да не се однесува,. Тоа фактички, се случува само во пракса во суштина. Ако одреден инспектор дојде, а јасно во: Македонија има фирми што по 5-6 месеци не зеле личен доход, инспекторот, нормално согласно овој закон ќе поднесе пријава со која што ќе се заpачуна и ваква камата.

Предлагам овој дел, делот на придонеси и даноци што произлегуваат како обврска кон државата да се изземат од делот на должничко - доверителните односи кои подлежат на тоа. Во секој случај Законот заслужува поддршка и на мислење сум, дека каматната стапка , затезната каматна стапка треба да биде барем упопла од постоечката. Постоечката е сега 200%, некаде во моментов мислам дека е најреално да биде 100% зголемена есконтната стапка.

IV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Веднаш на почетокот ќе кажам дека нема да го поддржам Законот, и јас имам сосема спротивно мислење скоро од сите кои ту,а дискутираа.

Така велам затоа што ние недоволно, а и предлагачот недоволно сме внесени во проблематиката. Велам недоволно внесени заради тоа што не ја познаваме добро проблематиката, немаме една анализа.

Правилно заклучува Владата кога рекла дека треба да правиме анализа. Што е затезната камата знаеме. Тоа е казнена камата и ние мора да ги заштитиме сите кои учествуваат во прометот од таквите кои не сакаат да ги плаќаат долговите.

Во врска со ова има една мала приказна која вели: "некој отишол да позајми пари. Позајмил пари. Позајмувачот во меѓувреме пали цигара со кибрит, а пред него имало огниште. Тој што му позајмил пари го видел тоа и му рекол дека погрешно ги изборил парите, ги зел назад парите како повторно да ги преброи и повеќе не му ги дал. На прашањето зошто му ги зел парите, а не му ги дал, тој што му ги дал парите му рекол видов дека немаш намера да ги вратиш парите заради тоа ти ги земав".

Ова личи токму на тоа. Ако сакаме да ги заштитиме оние што даваат, единствено така ќе можеме да ги заштитиме, дури и да биде поголема таа затезна камата. На овој начин и претходниот дискутант кажа некои сака да се збогатува. Е не може на таков начин да се збогатува. Само така можеме да ја префрлиме топката од една страна на друга страна.

IV/6.-

Ако е во прашање стечајот, тоа е сосема друга работа. Се наоѓаме во време на транзиција. Тоа се проблеми на нашата транзиција, а не проблеми на каматите. Во никој случај затезната камата не е проблемот, проблемот е поширок. Не лежи само во затезната камата.

(Дофрлање од место дека проблемот лежи во Владата).

Не е само Владата. Ние можеме да имаме кој знае каква Влада, можеме да донесеме експертска влада и од некоја земја кој знае како јака меѓутоа со вакви услови на стопанисување и таа

може да не донесе подруги резултати. Лесно е да критикуваш, но тешко е да работиш, да бидеш извршител за тие работи.

Кога станува збор за затезната камата посебно е прашањето на затезните работи во комуналните услуги. Тоа е проблем што треба поинаку да се решава и фактички, и ако ние поради немање средства не можеме да го решаваме и не го решаваме на завидно ниво преку социјалната програма. Таму е решавањето на тие проблеми. Инаку ова другото нема каде, кај има некој да има да ти даде пари па уште кога ќе ги земеш да мислиш да нема да му ги вратиш. Не може тоа. Затоа е таа затезна камата да мислиш дали ќе ги вратиш. За оној што мисли да ги врати затезната камата не е проблем. Зел денес, ќе врати за 5 месеци, на крајот на 5-те месеци ги врака парите и нема затезна камата. Зошто да се расправа. Зошто толку галама да се дига. Затоа ќе гласам против донесувањето на Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Чифлиганец.

IV/7.-

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Ова прашање не се иницира за прв пат во Парламентот. Мислам дека нема собир на стопанственици, да не зборувам на економисти што се одржуваат во РМ и пошироко а да ова прашање не е иницирано.

Морам да кажам, кој повеќе, кој помалку го инициравме кога го донесувавме првиот буџет пред годинаипол и кога го разгледувавме ребалансот на Буџетот. Јас знае дека од ова место барав Владата на РМ под итно да го анализира случајот - затезни камати. Што е тој случај? Овде не сакам парцијално да дискутираме и да се ставам во состојба да сакам да штитам нечиј капитал, а нечиј да девалвирам, туку да кажеме од ова место што добивме за овие 2-2,5 години со овие енормно високи затезни камати. Ако има еден анализа да каже тој и тој правен субјект во Републикава доби и го оплоди капиталот да граѓанинот, стопанството, економијата на крајот државата добила? Морам да кажам тоа е многу мал број на луѓе, индивидуалци кој добија за сметка на големи претпријатија, институции итн. Зошто не кажеме што добивме а што изгубивме. Во таа смисла сметам дека предлогот даден од колегата пратеник од СДС е добро. Затоа сме ние Парламент, не мора секогаш иницијативите да доаѓаат од ресорните министри или до Владата на РМ, туку напротив Ние кои тоа го чувствуваме, кој помалку а кој повеќе треба да го покренуваме и тоа принципиелно каде има потреба, а ние како Парламент треба да согледаме дали треба тоа да го поддржиме или не треба тоа да го подржиме.

Начелно ја подржувам иницијативата во Предлогот што го дава колегата пратеник од СДС и мислам дека без разлика на која партија

припаѓаме тоа го мислиме. Колегата тоа го направил, го синтетизирал на хартија, го дава пред овој Парламент, но сакам како пратеник и како стопанственик, на крајот на краиштата како граѓанин на таа држава да кажам дека со самото поддржување на овој предлог во ниту еден случај не треба да се сфатиме како пратеници дека капитало на секој граѓанин, динар, денар, долар, марка или било која девиза сакаме да го девалвираме, односно да не го штитиме капиталот. Напротив ние сакаме секој процент на капитал да го заштитиме токму со реални затезни камати, со реална есконтна стапка и реална банкарска камата.

Што тоа значи, ако пред две години сме имале 26% месечна камата, како одминуваше времето до денеска стално опаѓаат каматите од 26 на 18, на 15, на 10, денеска сме сведовме на околу 2% месечна камата. Дури, некој не мора да биде голем економиста, ако есконтната камата е 12% н а годишно ниво никој не ни дава за право во банките да пресметуваме камата максимално до 2 а се пресметува до ден денес и 2,5 и 5%. Значи, ако есконтната камата Народната б анка на Македонија, Централната банка предлага од 12% банкарска камата, овде е почитуваниот гувернер г-дин Борко Станоевски, може да ме демантира, однсоно поаргуметирано информира, не би требало да оди повеќе од 50% од есконтната камата. Тоа значи од 18%. Предлагачот, колегата пратнеик што предлага, значи тие 50% се вклопуваат во предлогот банкарската камата да биде 18% и затезната камата односно казнената камата 18%.

Ако затезната камата во некои земји е и помала од банкар- ската во некои е повеќе, ние треба да направиме анализа што добива репродукцијата, производствениот процес, стопанството домашно, извозно во РМ и таков модел да направиме. Нека кажат луѓето задол- жени за тоа кои имаат повеќе видувања, секојдневни анализи, нека

кажат дека есконтната стапка е 12%. За мене во овие услови во стопанисување, во овој амбиент на работење, а кога велам амбиент на работа во РМ поаѓам и јас само можам да поддржам 12 односно 18% банкарска камата на годишно ниво само поаѓајќи од фактот дека на овој начин со високи камати што не се присутни во Европа и Светот, што ги решаваме ние банкарските дубиози во Републиката.

Што тоа значи? Ќе даде на двајца- тројца, едниот ќе го врати капиталот. Тоа, на еден начин како може да се ублажи? Од кого може да се земе - земе, таков амбиент на стопанисување и на работење иамаме. Високите камати само од тој аспект би ги примил во овој момент да ги решаваме банкарските дубиози. Знаете колкави камати се пресметуваат од банките на деловните партнери и сега да се прашаме во овој момент колку можат да си го повратат банките? Не можат. Од кого можат, од кого не можат.

Затоа, не би се согласил денеска да зборуваме дека и понатаму секоја казнена камата, секоја камата велиме дека казната треба воспитно да делува, односно да има одраз вез севкупната држава економија. Во овој момент нема. Тој кој може да врати - вратил.

Нека каже еден стопански субјект кој користи со камата обртни средства, кој дава плата, кој подготвува стока на извод на основа на земени кредити со 12, 18, 24%, а останал жив, односно работи со позитивна нула. Мислам г-да треба малку, јас сум од оние стопанственици кол не користат кредит ниту обрти, ниту подготвувам извоз и зборувам, за ова прашање, знам во каква состојба се наоѓаат стопанствениците, фирмите што се доведени во оваа ситуација од објективни и од субјективни причини. Затоа, без разлика како ќе бидеме сфатени како пратеници, без разлика на која партија припаѓаме ова

прашање не треба да се одолговлечува. Го респектирам одговорот на Владата, но во последната реченица треба под итно на една од наредните седници ресорното министерство за финансии вописмена форма да образложи зошто тоа се анализира, врз основа на кои показатели и уште еднаш да имаме шанса да го кажеме. Инаку, не би се согласил во овие клупи да седиме ако не бидеме ефикасни, експедитивни токму по едно егзистенционално прашање што овде, не само оние што бараат  туку и оние што треба да земат пак се во некоја поврзаност. Тоа коло нема крај.

V/1 РД/ПН

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Мислам дека ако така продолжиме нема да има. Еве сега се прашувам колку девизи треба на оваа РМ нормално да работи. За нафтени деривати, за лекови, за тоа, за трето, за четврто. Во овој момент колку имаме извозници кои можат да донесат девизен прилив. И со еден такво приод ако продолжиме еден стопанственик нека каже ворок од 20, 24 месеци или за година дали може со овие услови на стопанисување, со овој амбиент да продолжи. Имаме 5, 10 активни извозници, а знаме колку се задолжени пред други работи. Затоа мислам прашање по прашање ова е сега на дневен ред и ние треба сега како пратеници, како парламентарци да речеме Владата веднаш благовремено да реагира и ред други прашања кои го тиштат севкупното стопанство во РМ. Инаку, во спротивно јас лично како пратеник не се чувствувам продуктивен во овие клупи. Најобјективно би сакал да се вклучам во овие стопански проблеми кои го тишти секој работник, секој граѓанин. Инаку, друго не би имало смисла нашиот ангажман и нашето 8-часовно седење во овие клупи. Затоа барам мојот краен заклучок ако е затезната камата нормално со сите анализи правена во централната банка, Народната банка на Македонија да биде 12%, предлагам банкарските камати да бидат 50%, односно до ниво до 18%. Ако сакаат да си ги решаваат дубиозите нека си ги решаваат оние што се сигурни партнери и со гаранции. Предлагам овој предлог да биде 50% од есконтната камата, а тоа е 18% затезната камата. Ако има други согледувања, анализи, аргументи, прифаќам тоа да биде незнатно повеќе, тоа е мое мислење од банкарските камати 18%, односно максимум до 24%.

V/2

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, секако дека јас го поддржувам предлогот за донесување на ваков закон, за изменување висината на стапките на затезната камата, тргнувајќи од следните постулати. Прво ни е мило што колегата идентифицирал еден сектор во банкарскиот систем, мошне актуелен во сегашната економска состојба. Со што се карактеризира оваа состојба вам ви е познато, односно се наоѓаме во процес на транзиција кои што продуцира невработени и стечајни работници, второ, во услови на рецесија, кога нема економски развој, односно видно заживуваа е на стопанството, во услови кога внатрешниот долг меѓу стопанските субјекти во РМ изнесува некаде 300 милиони марки, меѓусебните побарувања на работоправните субјекти и во услови каде што и досега каматната политика неповолно делуваше на развојната компонента на стопанството, односно беше висока.

Во услови кога имаме ценовна стабилност секако дека идентификацијата на овој сектор, односно делуваш=њето на затезната камата и каматата на стопанството има негативно влијание во смисла на натамошно индуцираше на нови стечаи. Секако дека може вие во одреден период оваа каматна политика имаше позитивно влијание за зачувување на банкарскиот капитал од аспект што владееше моделот земи кредит, репрограм, отпишување на камати и работоправните субјекти, живееја во еден економски подобар комфор, секако под влијание на политичкиот фактор, заради социјалниот мир. Меѓутоа, сега актуелните општествено - економски односи се сосема изменети и идентификацијата на ова прашање неговото правилно разрешување, секако треба да биде во функција на стопанските субјекти. Секако дека тука треба да се експорира

и експлицира и моделот на обработката на оваа материја, односно главница, па. на главницата додавање на камата, па ѕидање на камата на се тоа затезна камата и како епилог секако дека растењето на должничките односи меѓу стопанските субјекти на банката. Меѓутоа, се согласувам дека ова прашање сега треба да биде на ниво на предлог за донесување на закон и дека е потребна една порелевантна економско - финансиска експертиза итн. на Владата, за да поправедно и во функција на развојот на стопанските субјекти, намалување на стечаите кои што го индуцира овој должничко - доверителен однос, а и честото појавување на банката како влог во работо - правни субјекти кои што се ставени во стечај, банката не би требало да биде тука така присутна во работните организации.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, очигледно дека дискусиите, не само што даваат потврда на едно конкретно поставено и актуализирано прашање, формулирано преку предлог на закон, мене повеќе ме радува фактот дека сигурно добро е што предлогот треба да оди во 2 фази и што сите дискусии одат натаму дека очигледно ни треба на една од наредните седници една покомплексна анализа на вкупните економско - финансиски состојби во државата, што веројатно ќе се совпадне со она што значи 100 дена мир на секоја Влада, па и на оваа реконструирана. Мислам дека ова треба да биде еден предизвик да се направи еден пресек на едно работење, затоа што ние програма за работа не добивме со оваа реконструкција и во таа смисла го

поддржувам предлогот за едно вакво размислуваше, се разбира, со полн респект на она што Владата го дала во последниот пасус дека треба да се направи една анализа. Земањето на еден тајминг за да се направи таа анализа значи една сериозност и едно по- аналитичко приоѓаше кон овој проблем.

Ние уште кога го разгледувавме предлогот за макроекономската политика искажавме некои дилеми особено од стопанството, особено она извозно ориентираното, дали со овие макро економски показатели сидра, фундаменти, ќе може да очекуваме нешто подобро во оваа година. Дури ова прашање сега експлицитно заметнува и прашања на редовни камати, затоа што затезната камата е еден додаток,. Основата на должничко доверителните односи се базира да се врати пред се, она што е вложено. Тоа е основниот капитал и добро е ако преку камати тој капитал се оплодува и уште најдобро е ако преку тоа може да се добие и некоја затезна камата што со друг јазик би го нарекол некој екстра профит. Добро, тука беа заметнати некои прашања дека ние мора да бидеме објективни и да извршиме една селекција во она што значи долг кон комуналните дејности, кон она што значи разни претплати и слично и она што значат доверителни односи на релација фирми со фирми, што не е ни толку страшно, а за мене во целото ова најфундаментално е односот кое оние што се задолжени со својата поставеност, со својата организација, а тоа се банките да продаваат пари. Банките треба да продаваат капитал, да продаваат пари и да си го повратат. И сега тука доаѓаме до она клучното и најинтересното прашање, дали ние стимулираме еден дел од овие субјекти, дали ние некого го штитиме, дали ние некого го храниме и со странски капитал, тоа се еден добар дел

од банките. Ние се задолжуваме како држава со цел тој капитал да значи стимулација на производството, што значи поголемо производство, условно земено за да тие кредити утре се вратат. Ако тие кредити не бидат пласирани таму каде што ќе може тој капитал да се оплоди, преку зголемено производство, преку извоз, прашање е кога тие кредити ние ќе ги вратиме или само ќе ги репрограмираме и ќе молиме по светот аман ние не можеме да ги вратиме. Сега ние се судруваме со она најсуштинското. Дали ние и понатаму треба да бидеме одушевени што немаме инфлација. Нема инфлација но немаме ни производство. Дали не треба сепак да попуштат тие стеги малку, контролирано, со некоја разумна инфлација што би значела еден замена за тоа производство за да може тој капитал да се движи. Инаку, вака како што е ќе бидеме во една позиција, ниту напред, ниту назад. Сметам дека Македонија како држава го надмина тој рубикон го надмина она што значи опасност од неконтролирана инфлација и сметам дека треба тука малку и похрабро да се размислува во интерес на извозно ориентираните фирми да преку еден поинаков променлив, ако сакате и еластичен курс на денарот и девизите стопанството да заживее. Вака како што е состојбата, ако Владата не интервенира, а интервенира, имаме информации таму каде што е заинтересирана, таму каде што сака да оддолжува долгови, долговите да ги трансформира во преземање на други обврски, ги знаме тие фирми кои се, не се тие тајни да одредува поинаква цена на енергенси и други витални инпути со друга цена за да поддржува нешто, не знам до кога, јас би бил среќен кога тоа би било времено решение за да тие претпријатија утре можат самите да опстојуваат, така да видете сега, ние формиравме агенција за санација на банките, а имаме

информација дека овие денови за време на првомајските празници некои банки си поделиле и вишоци. Јас го спомнав пред некој ден податокот дека тука беше изнесен дека точно директорот за санација на банките е најплатениот чиновник во државата. Подобро платен и од претседателот на државата. Сега каде сме? Од една страна велиме дека банките да бидат тие кои што треба да се вклопат во останатите субјекти во државата, а тоа е стопанството, за мене не е некој нерешлив проблем прашањето на долговите на сите нас како граѓани. Се решава тоа. И ќе се решава и ќе има кој ќе плаќаат и оние кои не плаќаат, ќе имаме и социјални случаи, каде што мора да имаме и толеранција, да не оставиме луѓе денес без електрична енергија и вода, но тоа не треба да биде пракса. ДА не биде тоа модус виленди, модус на живеење. Меѓутоа, мене ме загрижува фактот што Владата не е спремна да излезе со една појасна анализа на состојбите од која ќе произлезе и она што значи нејзина програма за работа. Дали ние и понатаму ќе одржуваме високи камати, со што е нормално и затезната камата ќе ги следи, мора да оди во некој сооднос, или наша заложба ќе биде ако ние во светот овде на оваа говорница нашите експерти изнесуваат дека добиваме кредити со многу поволни камати 2, 3,4, максимум камати, а тука ние практично стопанството го задолжуваме и другите клиенти со камати над 20%. Што значи тоа сега? Дали имаме такво стопанство што може тоа да го поднесе, за да може да биде не за друго, конкурентно на странските пазари. Ние треба да сфатиме и на Чифлиганец сакам да му сугерирам дека стопанството треба да се бави со производство, некој друг треба да

го прати со поволни кредити стопанството да размислува за технологија, нова опрема, пазар, најмалку да биде оптоварено како да преживее со сопствените средства стои најдобро. Банките треба да бидат тие кои ќе нудат поволни пари, а не секој ден директорите на поголемите претпријатија денеска подигнале личен доход веднаш од утре да бидат оптоварени како да го обезбедам следниот личен доход. Развој нема во тие услови. Тие менаџери за кои се залагаме, тие менаџерски тимови најмалку треба да бидат оптоварени со тоа како д го обезбедат личениот доход. И на сето ова да ви кажам едно свое мислење дека овие денови не бев многу одушевен кога во врвните менаџери во државата видов таму фирми кои што се викаат штедилници и слично. Значи, кој што прават промет со пари. Ќе бев најсреќен ако менаџерите на оние производни фирми кои што најтешко стопанисуваат и кој што најтешко го обезбедуваат личниот доход без да ги потценувам сето тоа што значи и банкарство и други пратенички дејности. Сите тие мора да бидат насочени по функција на стопанството. Инаку стопанството нема излез, нема излез државата. Ако имаме визија дека треба да бидеме Швајцарија, која што ќе пласира капитал и преку тоа ќе создава имиџ на некоја друга Швајцарија на Балканот, јас ќе бидам најсреќен ако имаме таква визија. Но, мислам дека сме многу далеку од тоа.

И на крајот заклучок што побрзо Владата да излезе со своите анализи кои што ги заговара во своето мислење, полна поддршка на овој предлог со тоа што веднаш да се размислува и за намалување и на каматите, веднаш да се размислува затоа што и затезната камата во тие услови нормално ќе биде поприфатлива  и овој закон ќе има своја

апликативна примена.

Благодарам..

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Малку ние понстручни влеговме во расправата, меѓутоа гледам дека има добри економисти тука и правници, можеби ќе дадат поголеми прилози на поддржуваше или неподдржувашње на овој закон, меѓутоа, јас да си го кажам моето размислување во овој дел заради тоа што ако не друго се едуцирам и се информирам за многу работи од претходните дискутанти кои имаа една извонредна елаборација од едниот и од другиот аспект и ми дадоа за право сега и јас така инкогнито да кажам во даден момент да размислувам за една појава која настанува како последица кај голем број на граѓани, заради не водење на една праведна политика во однос на затезната камата.

Лично сметам дека ова е голема храброст на нашиот почитуван пратеник да поднесе еден ваков закон, заради тоа што самиот закон ги дава и економските и социјалните аспекти, а добро е тоа по неговото образложение она што направи во угодното искажуваше не убеди дека има голема оправданост за носеше на еден ваков закон. Меѓутоа, ме чуди инертноста на Владата. Како Владата со толку експерти, толку јаки министерства не можела во текот нагодината да врши еден увид на сите овие состојби кој на некој начин се одразуваат. Ние сега зборуваме за последици. Моите претходни дискутанти дискутираа колку оваа затезна камата би била штетна на правните субјекти, а пак колку оваа затезна камата исклучиво била и се одразила исто така и на физичките лица, на граѓаните, заради нејзината нереалност, заради тоа што во неа нема одредена динамичност.

VI/1 ДВ/ЛБ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (продолжени)

Кај мене дури се поставува едно прашање, дали има една посериозна соработка меѓу Народната банка и соодветното Министерство за финансии од аспект на координирање на работите, заради тоа што гледам дека Народната банка иако е независна, меѓутоа нејзината есконтна камата ја прилагодлива, покрај инфлацијата и општите движења во економијата и социјалата. Зошто пак Владата во тој дел не ја следи есконтната камата и да биде во интерес и на економската и на социјалната сфера. И моја лична забелешка, можеби и лаичка, до крај неоправдана, меѓутоа Владата ќе мора до крај да ги следи овие состојби.

Моја лична забелешка до предлагачот е тоа што го повлече и Предлог законот. Зошто ова го зборувам? Затоа што Владата имаше време односно овој закон беше во собраниска процедура повеќе од десетина дена. Ако оваа Влада и министерствата конкретизирани ги имаа сите состојби и податоци, лесно е, според мене, сите тие стручни лица кои ја следат оваа состојба за неколку дена да излезат со свои амандмани и да го подобрат текстот на законот. Јас лично овој закон го сфаќам како итен закон. Зошто? Ако овој закон сега се пролонгира за еден или за два месеци, практично ние ќе имаме уште поголеми последици во рамките на правните субјекти, а тоа би било и кај физичките лица.

Јас не знам сега колку ќе биде паметен еден предлог што ќе го дадам до предлагачот, меѓутоа од севкупното анализирање и елаборирање на претходните дискутанти извлеков еден заклучок и сакам да го предложам.

Дали е можно сега, во ова невреме кога социјалниот аспект кај граѓаните е многу присутен, заради тоа што имаме 228 илјади невработени, дека имаме околу 65 односно 150 илјади пензионери со

најниска  пензија и дека имаме околу 56 илјади корисници на социјално заштитни права, да направиме една диференцијација во однос на затезната камата. Едната камата значи за правните субјекти, заради тоа што правните субјекти, сепак, имаат некој договорен однос и треба да се заштитува и едниот и другиот. Ако таа затезна камата не е соодветна таа е како последица и на едниот и на другиот заради тоа што можеби оној што му дал пари на другиот, можеби ќе дојде во понезгодна ситуација заради тоа што парите се кај оној што не му ги враќа. Меѓутоа, за социјалниот аспект, да ги заштитиме граѓаните пензионерите со најниска пензија, оваа затезна камата во дадениот момент да биде тотално флексибилна дури и помала во однос на физичките лица, со единствена цел заради тоа што државата, барем засега нема до крај квалитетна социјална политика, што го кажуваше овде мојот колега Ајдарага, во смисла на тоа, тоа да биде во функција, но да го заштитиме граѓанинот. Ние не смееме да дојдеме во позиција да ја сечеме струјата, да ја сечеме водата итн. Ако тоа го немаат граѓаните, тогаш тие немаат квалитет на живееше. Тогаш што е тоа, што сме направиле како држава. Не сме го заштитиле граѓанинот. Во таа смисла, мислам дека е реално државата преку оваа затезна камата која е казнена камата, на еден мој социјален случај кој прима 2.000 денари постојана парична помош, дали оваа затезна камата значи да може тој пак да ја плати, или да му ја исечеме струјата, односно водата, телефонот и тн.

Ние ги заштитуваме јавните институции кои, барем некои показатели што беа присутни овде во Парламентот, некои директори имаат по 50.000 денари плата, што е несвојствено, гледано од аспект на ПТТ, гледано од аспект на јавните и други претпријатија, а да не зборуваме за просечниот личен доход кој е присутен во рамките на јавните институции. Тоа беа податоци дадено од ресорното министерства за труд и социјална политика, изворен податок кој јас како

пратеник го прочитав и правам споредби со она што значи пратеник со 19,5 иљјади денари плата и она што значи директор на една јавна институција со 45.000 односно 50.000 денари. Значи тие јавни институции што ги даваат услугите на овие граѓани кои се 400.000, се доведуваме во ситуација таму да правиме големи плати, а да му наплаќаме затезна камата на еден социјален случај кој има 3.600 денари пензија. Јас мислам дека е тоа нон сенс, дури една конфликтна ситуација која може да биде само на штета на граѓанинот. Од тој аспект јас не го поддржувам предлогот на . ..., меѓутоа тоа е негово мислење, нормално да го повлече како предлог закон, меѓутоа инсистирам до предлагачот, до Ацо Ивановски, овој закон да го стави во функција за еден месец, како не би имале вакви последици кои ги имаме денес. Во тоа ме убедија еминентните економисти кои го елаборираат овој програм. Значи, во принцип го поддржувам, а една општа критика до Владата. Зошто Владата со експертите не излезат со права до крај аналитичка процена, па јас како пратеник сега да не бидам во дилема да ја проучувам материјата, заради тоа што не сум компетентен.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам сосема краток во својата дискусија.

Мислам дека иницијативата на нашиот г-дин пратеник е за поздравување, меѓутоа, висината која треба да биде, мислам дека треба да биде малку предмет на подолго проучување односно вклучување на повеќе стручни луѓе кои ќе можат реално да определат која е таа висина.

Овде на говорницата се искажаа многу работи дека целото стопанство како да ни пропадна само од тие затезни камати. Мислам дека кај нас, во оваа држава постојат купопродажни услови, договорни услови каде се договараат одредени периоди на плаќања, со одредени

Камати. Така да се плашам , до колку многу ги намалиме затезните камати, да немаме механизам за една финансиска дисциплина.

Во сите земји каде што имаме ексепдитивно судство, никогаш нема да дојде до плаќање на затезна камата. Не секогаш, судот ако на време ги разрешува сите проблеми односно одредените договорени зделки тогаш, не знам во каква ситуација ќе се најдеме, но мислам дека ќе имаме далеку подобра дисциплина и нема да ни зависи само од она што денеска го тврдиме дека претпријатијата ни пропаѓаат од затезните камати

Кога се прави калкулација за било кое производство, мораме да признаеме дека затезните камати се последната стапка во трошоците за производство. Ние имаме други, далеку поголеми причини за доведување на стопанството во оваа состојба пред затезните камати, почнувајќи од продуктивноста, од техниката, технологијата од банкарските камати од есконтната стапка на каматите и тн, од периодот на кредитирањето односно времето на кредитирање, за колку месеци се дава одреден кредит и тн. бидејќи имаме одредени производи каде имаме мал обрт дури помалку и од еден, па тука може односно треба да се бараат одредени механизми за да може да се даваат кредити за подолг период за да ги нема овие затезни камати. Меѓутоа тогаш кога се договори мора да има одредена казнена дисциплина за враќање на ка-

Да завршам со ова дека ја поздравувам иницијативата на г-динот пратеник, меѓутоа не сум за априори решавање, ние да определиме колку точно да биде таа висина на затезна камата, туку сигурно дека треба да се вклучат повеќе стручни луѓе кои се занимаваат со таа проблематика, по реално да ја определат висината на затезната камата.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас во оваа прилика не би сакал да ви го одземам ниту вниманието ниту времето, да разговараме за материја,што се однесува за карактерот и о функцијата што треба да ја има затезната камата. Премногу тежишта беа ставени во функција на дејностите, на стопанските активности кој би не однеле многу далкеу.

Основната амбиција на предлогот на законот во оваа фаза, за која треба да се согласиме и да го прифатиме размислувањето, покрај предлозите и сугестиите е пред се степенот на усогласеноста, како еден елементи и второ отстранувањето на диспаритетот во решенијата кои постојат и како решенија кои се применуваат низ призмата на висината на затезната камата и трето остварувањето функцијата на решението.

Ако веќе го отвориме проблемот понатаму, се плашам дека затезната камата ќе поприма карактер на кредитна функција, што не би било добро. Во прилог на тоа, добро би било елементите кои треба да се користат, тоа е висината на есконтната стапка на Народната банка со додатен коректив во висина од 50%. Мислам дека и самиот предлагач и анализите веројатно ќе покажат дека овие четири елементи што ги спомнав, ќе дојдеме во ситуација да добиеме значителен степен на усогласеност и променливост на затезната камата. Ако тука го затвориме проблемот, веројатно, сите оние тези кои беа ставени во функција на размислување низ призмата на штетните влијание за кои не сакаме да зборуваме, а мислам дека Џамбазов дел од тоа спомна веројатно ние би се отстраниле од темата и би го лоцирале проблемот и би го олесниле нашето размислување во делот на изготвувањето на предлогот во наредната фаза што треба да биде предложен, нормално со аналитичкиот пристап на луѓето од страна на Владата.

Не можам да помислам дека висината на затезната камата ќе може така лесно да ја прифатат стопанствениците, таа ќе послужи како некоја играчка и ќе ја вкалкулираат во цената и цената ќе биде не знам каква, а тоа ќе значи многу лесно влегување во Европа и многу мала цена и ќе дадеме големо производство, ќе ги повратиме работниците назад, ќе бидеме ефикасни и тн. Со такви констатации мислам дека ќе треба да расчистиме, да кажеме дека тоа не е тоа.

Улогата на затезната камата нека ја определат стручњаците кои се надлежни за тоа, а ние имаме доста стручњаци, нека се вклучат и практичари во оваа сфера нека видат што е како е и тоа побрзо, за да може да си ја одигра улогата.

Ако ние добиваме кредити, да речеме еве една Алмако банка со 9% годишна фиксна камата на кредити што ги дава, што е тоа што нашата банка ќе даде, како и на кој начин, или пак која е таа затезна камата која ќе го покрие она што е безпарица, не може да врати кредит итн.

Јас се залагам за една таква финансиска политика која ќе овозможи да може стопанството и правните и физичките лица при земање кредити да отплаќаат со таква камата, или ако не плаќаат на време, со таква затезна камата која ќе биде, сепак, примамлива, подноslива, а не она што е сега. Затоа немојте да сметате дека неа може некој да ја вкалкулира во својата цена каква ќе биде таа цена, каде ќе оди, за Парагвај, Уругвај и не знам каде, таму да продаваме и ќе отвориме нови пазари. Ниту овде кај нас не можеме.

Се наметнува прашањето што со сегашната состојба, со оние кои сега должат, она што го зборуваше г-динот Арсовски кај одредена категорија на граѓани по основ на електрична енергија, вода итн. такви

долгови имаат кои надминуваат некаде 70. 80 или 90 илјади денари.

Јас сметам дека во предлогот треба да се содржат две работи. Прво долговите на физичките лица по основ на затезна камата треба да не бришат, а кај овие другите треба да биде доста помалку затезна камата. Јас н можам да кажам колку тоа да биде, има начин како се пресметува тоа. Мислам дека нема човек кој може сега тоа да го направи. Тоа треба добро да се проучи и треба што побрзо да се направи.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Почитуван претседателе драги колеги, со внимание ги слушав дискусиите и навистина сум воодушевен од интересот што го предизвика овој предлог за донесување на закон, бидејќи сметам дека ова е прав пратенички однос во вршењето на нашата функција и очигледно ни требаат многу повеќе вакви иницијативи и нудење на вакви решенија со кои се пополнуваат законски празници, бидејќи за тоа секогаш ќе има простор. Според тоа за мене тоа е правата функција на пратеник во законодавно правен дом и наместо нашата енергија да ја трошиме во ангажирање на политичка борба, политички натпревари или политички маркетинзи, маркетингот да го правиме на ваков начин преку нудеше на вакви проекти и нивно квалитетно бранење.

Во овој случај очигледно се работи за многу актуелен и квалитетен законски проект и бидејќи живееме и работиме во едно време кога чувствуваме една голема пресија и шокови од затезна камата, што станува баук во нашето работеше и ако уште таа биде поврза на или ако биде во контекст со некој судско извршен акт односно камата на камата, во овој период навистина се доаѓаше до катастрофално енормно високи цифри кои не беа прифатливи во прв момент дека се стварни и се разбира делуваат катастрофално и разорно врз стопанство.

Се случуваше најчесто решенијата да ги бараме, ако успееме на тој начин што се земаше еден кредит за да се врати другиот, па пак се зема друг итн. со цел да се избегне таа фамозна нелогична и необјективна затезна камата. Во еден таков систем создадовме, што за мене е апсурд низа силни банки, штедилници и заводи за осигурување. Апсурдно е тоа да се создаде во време кога, навистина, во стопанството состојбите беа катастрофални и се катастрофални. Тоа е апсурд што не можеме да си го објасниме на друг начин, осврне дека се работи за еднократно употреба на комитентите и за тие долгови од тие доверители, сега најчесто тие доверители стануваат акционери, во нешто што е без перспектива и неприфатлив. Значи изгубен е комитентот кој континуирано и сигурно треба да носи профит, а не со еднократна употреба.

Се приклучувам кон оние кои сметаат дека овој закон треба да се донесе во две фази. Очигледно дека една ваква анализа треба квалитетна анализа, за што повеќе да се објективизира и затезната камата да биде правична и да биде во функција, пред се, и на стопанството и на физичките лица.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа, мислам дека има место и потреба за донесување, односно за предлог на ваков закон за каматните стапки, односно за затезната камата од причини што беа изнесени од предлагачот и образложението на предлагачот како и од пратениците во дискусијата денеска дадена на оваа седница, на оваа говорница. Сакам да кажам само неколку збора. Мислам дека треба да биде висината на каматната стапка есконтната камата на Народната банка зголемена за 50%. Тоа да биде мерило, таа ќе биде променлива. Сега е 12 можеби ќе биде 8, можеби 10, можеби 15, односно колку е да биде 50% зголемена есконтната каматна стапка на Народната банка за 50%.

Друго би рекол дека каматната стапка, по правило затезната камата не е платежно средство со кое што субјектите мора да платат исто и физичките лица, меѓутоа како платежно средство организациите треба, доверителите обезбедуваат со гаранции, со акцептни налози, со чекови, отворање акредитиви од каде е позајмувањето, односно долгот итн. Значи се средствата кои што се платежни се други и секоја организација мора и треба да обезбеди платежно средство. Но и покрај тоа доаѓа да не се наплати некое побаруваше. Тогаш доаѓа до судски процес. Судот треба да донесе пресуда, решение за наплата Меѓутоа како е сега, сегашната состојба, тие се многу долги процеси многу денови, месеци и години. Мислам кога ќе биде процесната судска постапка законот кога ќе се донесува да се стават конкретни рокови до кога овие односи кои меѓу организациите треба да се завршат. Во некои земји во светот има каде што се завршуваат побарувањата за 30 дена, а во некои земји има финансова полиција и истиот ден се пријавуваат побарувањата, финансиската инспекција доаѓа, утврдува дека е

навистина побарувањето основано и дека треба да се плати и веднаш се плаќа, а во спротивно се прави попис и фирмата има да ја ликвидира. Значи како платежни средства доаѓа на крај судската одлука која што кај нас можам да кажам, се надевам дека од 1 јули ќе заживее и ќе почне да работи, меѓутоа до 1 јули не сум баш сигурно дали ќе биде ажурно и тука треба да ни биде свртено вниманието судовите да работат, решенијата да бидат ефикасни и брзи. Во целост го поддржувам Законот. Барам од предлагачот со помош на Министерството за финансии подобро да се подготви, анализира, образложи и што во пократок рок, а не подолг од еден месец да дојде на седница и да се донесе законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор. (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Молам, сите пратеници да влезат во салата.

Предлагам пауза до 15 часот.

По паузата

Да ве потсетам на петта точка сме. Го заклучив претресот по Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата. На Собранието му предлага^ да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за висината на стапката на затезната камата.

2. Пратеникот Александар Ивановски да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има во предвид забелешките и укажувањата од работните тела на Собранието како и расправата од седницата на Собранието.

3. Овој заклучок да се достави до пратеникот Александар Ивановски заедно со извештаите на работните тела на Собранието и стенографските белешки од седницата на Собранието.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

59 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува? (нема)

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Пратеникот Звонко Каров има деловничка интервенција.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Се јавив за збор да кажам зошто сум гласал против овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Каров со едно извинување бидејќи го сфатив г-динот Каров дека бара збор, а јас го заклучив претресот, не сфатив дека сака да каже како ќе гласа. Заради тие причини деловнички допуштам сега да се произнесе г-динот Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Гласав против донесувањето на овој закон, или заклучок од следните причини. Определувањето на висината на затезната камата е комплексно прашање за тоа во дискусијата сите се сложивме. Тоа е прва работа.

Второ мислам дека Владата сериозно треба да го проучи предлогот за измена на Законот за висината на затезната камата.

Трета работа за која што гласав против, мислам дека Министерството за финансии треба да направи една сеопфатна анализа дали постои основ за измена на законот за висината на затезната камата и за кој дел ако постои измена за кој дел.

Четвртата работа за која што сакам да го кажам моето мислење лично се залагам во тој закон висината однос деловна банка комитент не се регулира со закон затоа што се стремиме кон пазарен на- чин на работење.

И петтата работа мислам дека Владата треба да донесе закон за висината на затезната камата, однос држава граѓанин во делот каде што граѓанинот не може воопшто да интервенира на висината на затезната камата што ја определува државата. Тоа значи измена на делот каде што граѓанинот навистина не е во можност да влијае било да се тоа комунални услуги, било да се тоа и ред оние други услуги каде што граѓанинот навистина плаќа висока цена. И тука мислам дека има простор Владата да го донесе и тој закон за измена на висината на затезната камата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точката 6** - Предлог на одлука за потврдување на годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1995 година.

Предлогот на одлуката, годишната сметка, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1995 година.

VII/5.-

Минуваме на **<u>точката 7</u>** - <u>Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 19 9 6 година.</u>

Предлогот на одлуката, Финансискиот план и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници да не поминат овие две точки неспомнати, недискутирани би сакал да ги поврзам само со претходната точка на која изгубивме многу време и посветивме многу време на точката за затезните камати, меѓутоа каматите произлегуваат ми се чини можеби од почетокот од есконтната стапка па натаму преку деловните банки па на неа се надградуваат затезни камати. Мислам тука и во сметката, Годишната сметка и во Финансовиот план се споменуваат камати, односно Народна банка прави приходи од каматите од есконтната стапка и мислам дека треба да се спомне тука е изворот на тие камати и тоа треба да го спомнеме, а не да испадне дека ние за каматите, за тој проблем поготово стопанственици да не го знаат тој проблем и да не го споменуваат јас можам да ви прочитам дека во двата извештаи на Комисијата за економска политика и развој и во двата записника ги има споменато по еден пасос проблемот со висината на каматните стапки и неговиот одраз во стопанството, исто во другиот записник има посебно потенцирано висината на есконтната стапка, бидејќи при денешна состојба на нула инфлација да имаме 12% есконтна стапка. Јас исто сметам дека таа стапка е голема и при нула инфлација 12% есконтна стапка и плус тоа се надоградува, деловните банки надоградуваат камати плус на тоа затезни камати и сето тоа при нула

инфлација се гледа колку е стопанството оштетено од таа работа. Меѓутоа, тоа почнува тие што ја креираат цената на капиталот. Каматата е цена на капитал. Ние треба да одредиме колку капитал има и колку да му одредиме цена, права цена на тој капитал што го имаме. Мислам тоа треба да си почне од Народна банка, да си продолжи во деловните банки со законодавството тоа да го споиме и да добиеме една комплетна, една добра, издржана цена на капиталот во нашите македонски услови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за. Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1996 година.

Минуваме на **точка 8** - Предлог на одлука за основање Анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на министерствата и Владата на Република Македонија од буџетските средства во 1994-1995 и првите три месеци од 1996 година.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, со оглед на тоа дека е поднесен амандман од пратениците Љупчо Поповски и Туше Гошев од пратеничката група на СДСМ и. поради вообичаената пракса сите амандмани предложени од пратеничката група на СДСМ да бидат усвојувани, а пратеничката група на Либералната партија ја разгледа ново- настанатата ситуација и констатира дека е можна блокада на овие иницијативи слично како на претходната иницијатива за основаше на анкетна комисија за состојбите и текот на истрагата по атентатот врз претседателот на Републиката Киро Глигоров. Основањето на анкетните комисии ги сфаќаме како уставен метод даден на Парламентот, како начин на работа на опозицијата за да може да разгледува и расчистува битни прашања од работата на Владата и државните органи. Начинот на кој се однесува пратеничката група на СДСМ не дава гаранција дека постои искрена намера навистина да дојде до тоа. Во цел свет анкетните комисии се оружје на опозицијата за контрола на работата на власта. Од тие причини предлагам Собранието да донесе заклучок со кој бараме оваа точка и следната точка на дневниот ред да се повлечат од денешната седница на Собранието на Република Македонија. Ја повикувам Пратеничката група на СДСМ до следната седница за кога предлагаме да бидат ставени на дневен ред овие точки заеднички да седнеме и да се договориме за да се расчистат сите овие дилеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нема што Собранието да донесува заклучок. Вие сте предлагачи вие можете во секое време предлогот да го повлечете. Според тоа констатирам дека предлозите на одлуките, прво одлуката за основање на анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на министерствата и Владата на Република Македонија од буџетските средства во 1994-1995 и првите три месеци од

1996 година и Предлог на одлуката за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за утврдување одговорноста во врска со увозот на доматите и краставиците во текот на 1995 и 1996 година во Република Македонија се повлечени од предлагачот, се разбира од оваа седница.

Господинот Љубомир Поповски, има деловничка интервенција.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, да не остане нејасно околу образложението што го даде колегата Аце Коцевски во врска со анкетните комисии кои што како пратеничка група ги поднесоа за да се стават на дневен ред и со кои што Собранието, односно меѓу другите и Пратеничката група на СДСМ вчера ги изгласа да бидат на дневен ред, а бидејќи не ја објасни вистинската причина зошто се повлекуваат, мислам дека е редно пред вас да го соопштам тоа. Имено, покрај добивањето на ова и ставањето на дневен ред на овие две точки односно формирање на анкетни комисии за двата проблема тие ни понудија состав на комисиите во кои што без никаква консултација, дури и со наши претставници кај што беше ставен г-динот Никола Г. Поповски и г-динот Ристо Трајков ги поставија во составот на комисиите. Инаку да ви прочитам дека во самиот предлог што ја дадоа како иницијатива тие бараа Комисијата за избори и именувања да ги даде предлозите, како што е вообичаено во процедурата при изготвување и разгледувањето на вакви предлози да составите ги определува Комисијата за избори и именување. Бидејќи тоа се заобиколува, а тоа се бараше во нивната одлука, тие брзајќи вчера на самата седница даваат по сопствен избор претставници, пратеници без консултација на истите тие пратеници да бидат претставени.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Затоа дојде од наша страна амандман. Мислам на таа нивна одлука, потпишан од мене и од господинот Туше Гошев, каде што бараме и се повикуваме на нивното барање во одлуката да оди преку Комисијата за избори и именувања. Веројатно тоа не им одговара, така требаше да кажат, инаку апсолутно двете барање и предлози за формирање на Анкетна комисии ние како пратеничка група ги прифаќаме и немаме намера ниту да ги одбиваме. Сега зошто се подготвуваат мислам дека очигледно станува збор нивната вистинска цел, дека е еден чист маркетинг и не сакаат ниедна работа до крај да ја завршат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, кога веќе се крши деловникот и јас ќе бидам еден од оние што го прекршуваат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не ви е прв пат, сите под фирма на деловничка интервенција злоупотребувате.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Претседателе Вие дозволивте, мислам дека Пратеничката група на Либералната партија, односно координаторот на таа пратеничка група ги повлече предлог - одлуките и со тоа требаше деловнички да заврши расправата по однос на тие прашања.

Кога веќе разјаснувате да разјасниме до крај. За Анкетната комисија која што беше во однос на увозот на краставици и патлиџани јас не знам зошто господинот Љубомир Поповски толку се загрижи за Ристо

Трајковски, член на Социјалдемократската партија на Македонија, а ние од Либералната партија го предложивме само заради едно.

Ако се сеќавате кога овде се расправаше за изборот на новата Влада господинот Трајковски, беше тој кој што стана и енергично ги нападна дотогашните министри од Либералната партија посебно министеро1 Ристо Иванов за увозот на патлиџани и краставици. Ние буквално рековме како став на Либералната партија ќе чекаме во најскоро време да предложите формирање на анкетна комисија по тоа прашање. Вие до ден денес тоа не го сторивте. Затоа ние сега поднесовме предлог за формирање на таква комисија и затоа го ставивме господинот Ристо Трајков. Заради тоа што тој беше најголемиот поборник за тоа прашање. Не знам сега во што е проблемот. На крај краишта ако вие со амандманот сакате да го промените составот што не поднесовте промена само на поедини членови. Јас сега веќе гледам дека секоја анкетна комисија која што ќе се покрене овде аз формирање ќе биде на овој начин стопирана со оглед на тоа што во Комисијата за избор и именување имаат мнозинство, ќе формирате анкетни комисии онака како што сакате и ќе формирате на тој начин за да не ја завршете работата. И ако се толку добронамерни не знам зошто не дозволивте да се формираат онака како што ги предлагаат предлагачите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Важно се разјаснивме. Ве молам нема повеќе расправа. Беше деловничка интервенција под фирма на деловничка интервенција и едната и другата водеа во насока на разјаснување на прашањето.

Одиме натаму.

(Господинот Поповски реагира од место).

Вие предложивте господине Поповски и е во функција на одговор на вашето прашање.

Господинот Аце Коцевски„има деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Најостро протестирам на постапката на претседателот на Собранието затоа што мислам дека воведува една многу лоша пракса во работата на Парламентот, деловникот на Собранието да се применува селективно како што му одговара на него и на неговата пратеничка група Мислам дека не е добро тоа затоа што во иднина не ќе можете пратеник од било која пратеничка група доколку направи и погруб прекршок на деловникот да му се спротивставите и да му одземете збор, затоа што мора да имате исти критериуми спрема сите. Очигледно тоа го немате, иако ви реагираа дел од пратениците вие не му го одземавте зборот.

Би сакал на ова што го кажа господинот Поповски, да кажам само една реченица.

Основањето на анкетните комисии има иста функција како и барањето на доверба на Влада, како и пратеничкото прашање, како и интерпелацијата на било кој од министрите а тоа е пред се во функција на опозицијата и метод на работа за да може да врши одредена контрола врз работата на власта и одредени органи на власта во Република Македонија. Доколку позицијата се обидува на ваков начин да со одредени свои методи да врши контрола односно најдиректно да влијае врз тоа кои луѓе ќе членуваат во тие комисии Со тенденција некоја работа и свесно да не се заврши, значи дека има доволно причина за да се оневозможи некои работи да се расчистат и да излезат на виделина.

Друго оправдување според мене не постои на желбата да не биде така како што предлага опозицијата односно да биде така како што вие сакате, иако сте во мнозинство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Јас ве молам ...

(реагирање на. ) пратениците од место)

Пратеник бара збор за деловничка интервенција.

Ве молам, сите ја употребувате институцијата даеловничка интервенција.

(Г-дин Слободан Даневски реагира од место- нема да дадете на никого збор).

Нема да дадам на никого, ја злоупотребувате сите.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат, а мислам дека исто така се коментира во вид на деловничка интервенција, јас само ќе ви прочитам еден став од одлуката на самата Либерална партија, на пратеничката група.

Во точката 3 третиот став "се задолжува за прашања на изборите и именувањата да предложи Предлог одлука за состав на Анкетна комисија и за раководител на ситата". Јас не знам што е сега проблемот. Таа работа требаше таму да се заври, јас колку што знам г-динот Аце е и член на таа Комисија и не знам што е причината без консултации на луѓе од пратенички групи, независни кандидати вчера да се поднесат таков предлог. Тука е дефектот мислам. Сега се поставува прашањето дали само сакаат да се заврши работата да се формираат анкетни комисии за кои што ги поддржуваме апсолутно, или пак е нешто друго. Мислам дека треба да биде јасно. Зошто они не се држат на она што го напишале.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Повторно ќе кажам дека не е во принцип добро што влегуваме во ваков вид на расправа, затоа што е ова лоша пракса и може да се...

Не може така да биде. Не навлегувајте во тоа.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ни дадовте збор, и морам заради вистината.

Се согласувам со тоа што« го кажа Љубомир Поповски, точно така е напишано, меѓутоа исто што е едно многу сериозно, а тоа е писмото што јас му го испратив на претседателот на Собранието во кое покрај другите работи го известив и за овие наши иницијативи и за овие проблеми што настанаа околу претседателските места во комисиите, со кое барав благовремено Комисијата за избор и именување меѓу другото да ја заврши и оваа работа.

Заради вистината ве молам да го знаете и тоа, мислам дека вие го знаете и да биде кажано на сите, зошто претседателот на Комисијата не ги стави тие точки на дневен ред, не е завршена таа работа. Мислам дека тоа не е нешто мој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, се разјаснивме,одиме понатаму.

Минуваме на **точка 10** – Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Здравствената организација Клиника за максилофасцијална хирургија - Скопје.

Предлогот на одлуката за давање согласност и извештаите на Законодавно - правната комисија и Комисијата за здравство Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

75 пратеници гласаа за.

Дали име некој против? (Нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Клиника за маaксилофасцијална хирургија - Скопје

Минуваме на **точка 11** - Барање за давање на автентично толкување на член 6 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот ("Службен лист на СФРЈ" број 33/72, 55/72, 27/73, 36/75, 58/75, 7/77, 61/78, 26/79, 5/80, 63/80, 3/81, 23/82, 15/83, 66/83, 71/84, 39/85, 11/86, 21/87, 10/88, 27/88, 31/88, 44/89, 46/89, 60/89 и 13/90), поднесено од Производно - прометното претпријатие на големо и мало "Сараф" - Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 6 од Законот за оданочување на производи и услуги во прометот, поднесени од Производно - прометното претпријатие на големо и мало "Сараф" - Скопје, не е оправдано од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Производно - прометното претпријатие на големо и мало "Сараф" - Скопје.

Кој е. за предложениот заклучок молам да крене рака?

73 пратеници креваат рака?

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точка 12** - Барање за давање автентично толкување на член 197 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94 и 14/95), поднесено од Здружението на воените пензионери.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 197 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94 и 14/95), поднесено од Здружението на воените пензионери на Република Македонија не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој Заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Здружението на воените пензионери на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 13** - Барање за давање автентично толкување на член 2 од Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92), поднесено од Собранието на општина Штип.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред- лагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 2 од Законот за семејството ("Службен весник на Република Македонија" број 80/92), поднесено од Собранието на општина Штип, не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието на општина Штип.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (66 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Минуваме на **точка 14** - Барање за давање автентично толкување на член 9 став 2 од Законот за станбените односи ("Службен весник на СРМ" број 48/88), поднесено од Златара "Рубин" А.Д. Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 9 став 2 од Законот за станбени односи ("Службен весник на СРМ" број 48/88, пречистен текст) поднесено од Златара

"Рубин" А.Д.-Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Златара "Рубин" А.Д. Скопје.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (89 пратеници гласаа за)

Дали име некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точка 15** - Барање аз давање автентично толкување на член 28 став 1 од Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои со своето работење искажуваат загуби ("Службен весник на Република Македонија" број 2/95 и 65/95), поднесено од Македонска банка А.Д. Скопје и Синдикалната организација на А.Д. "Газела"-Скопје.

Барањето и извештајот на Законодавно - правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието констатира дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 28 став 1 од Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби ("Службен весник на Република Македонија" број 2/95 и 65/95) поднесено од Македонска банка А.Д. Скопје и Синдикалната организација на А.Д. "Газела" ч- Скопје не е оправдано и дека нема потреба од автентично

толкување на овој член, од причините содржани во Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Македонска банка А.Д. Скопје и Синдикалната организација на А.Д. "Газела" - Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (68 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 16** - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Преминуваме на **18-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување член на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Преминуваме на **19-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Работната организација Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје, за именување индивидуален работоводен орган на Музејот

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Музеј на Македонија - Археолошки, Етнолошки и Историски - Скопје, за именување индивидуален работоводен орган на Музејот.

Преминуваме на **20-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Вишата медицинска школа во Битола.

Преминуваме на **21-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против?^ (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Природно математичкиот факултет - Скопје.

Преминуваме на **22-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување на претседател на Републичката комисија за односи со верските заедници.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување на претседател на Републичката комисија за односи со верски- те заедници.

Преминуваме на **23-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

IX/4.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување членови на Советот на Републичкиот завод за вработување.

Преминуваме на **24-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (71)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Преминуваме на **25-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за ту- ризам и угостителство - Охрид.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

IX/5.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (29)

Констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.

Преминуваме на **26-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за

избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Клинички центар" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Клинички центар " - Скопје.

Преминуваме на **27-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (61).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања - Охрид.

Преминуваме на **28-та точка** од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Свети Николе.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Замолен сум од многу интелектуалци од градот Свети Николе, бидејќи е ова една навреда, ова е непримерна работа, бидејќи во градот постојат доста структури инженери, лекари, правници, економисти, така што има стотици и стотици дипломирани академски граѓани, ова е една навреда на целиот град да не може да се најде една персона да биде член на Управниот одбор на здравствениот дом - Свети Николе.

Во целата работа би го разбрал ова, бидејќи само три члена на СДСМ постојат во Светиниколската општина, а четврто е појачање од Штип, разбирам дека е тоа во недостаток на членство е оправдано и барам да се изземе и да се симне оваа одлука од дневен ред.

IX/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, чувствувам посебно задоволство што навистина сме го погодиле четвртиот член од СДС и апелирам до Собранието предлогот од Комисијата да биде акцептиран. Тоа е несериозниот дел, а сериозниот дел е следниот:

Забелешката во врска со кандидатурата на еден член лекар интернист од Медицинскиот центар - Штип не држи од следните причини

Прво, ние делегираме во Управниот одбор во Здравствениот дом во Свети Николе членови од надворешен состав, значи оние кои не се вработени во Здравствениот дом, тоа е основен критериум и на кој треба да се внимава. Јас знам дека во Свети Николе има добри лекари специјалисти, но целиот недостаток е тој што сите тие работат во Здравствениот дом во Свети Николе и тие ќе имаат можност законски преку другата форма од внатрешните членови да учествуваат.

Второ, зошто е предложен лекар од Медицинскиот центар Штип и тоа не е сосема случајно, туку е намерно или може прашањето да се постави на пример зошто не е предложен лекар од Здравствениот дом од Демир Хисар или од Душевната болница од Демир Хисар, можеби би било поприкладено. Но, проблемот е во тоа што Свети Николе пора- ди Здравствениот дом Свети Николе, поради повисока здравствена заштита своите пациенти првично ги упатува во Медицинскиот центар во Штип. Тоа е единствениот критериум зошто доктор лекар по медицински науки е предложен за Управниот одбор на Здравствениот дом во Свети Николе.

IX/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Очекувавме да слушнеме нешто поконкретно, а за ова за лекување во Душевна болница вас ве испратија од Демир Хисар, мислам се ослободија кога ве праќаа вас, нема место за Душевна болница од Свети Николе да праќаат лекар. Мислам не држи. Уште една навреда за целиот град. Барам да се извините од оваа говорница, бидејќи со вакви примитивизми не ви е прв пат. За Свети Николе ќе делегирате од Дебар. Поминавте преку сите мерки иако е ваша Комисијата нека биде било кој,еве дајте конкретен предлог нека биде било кој граѓанин од Свети Николе. Зошто во Крива Паланка не делегирате од Дебар. Зошто во Охрид не делегирате од Тетово. Дајте да ја погледаме листата ќе видиме во сите градови во здравствените домови се од местото на живеење. Во оваа голема философија не случајно лекар специјалист од Штип.

Друга работа, во сите комисии се предложени пратеници и Свети Николе има пратеник. Вие како Наќе Стојановски сте делегирани во 10 комисии, во 10 управни одбори, досадивте веќе, досадивте на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (49).

Дали има некој против? (5).

Дали некој се воздржува од гласање? (7) .

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Здравствениот дом - Свети Николе.

Преминуваме на **<u>29-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар во Куманово.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласаше ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицинскиот центар во Куманово.

Преминуваме на **<u>30-та точка</u>** од дневниот ред <u>- Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Охрид.

Преминуваме на **<u>31-та точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена</u> организација Градска аптека "Скопје" - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Градска аптека "Скопје" - Скопје.

Преминуваме на **<u>32-та то</u>**чка од дневниот ред - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Општинската аптека - Кочани.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (4).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Општинската аптека - Кочани.

Преминуваме на **33-та то**чка од дневниот ред - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Медицински центар "Академик проф. др. Димитар Арсов" - Крива Паланка.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање ? (Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Медицински центар "Академик проф. д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

**Минуваме на точката** 34 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на. Јавната здравствена организација Здравствен дом Вевчани.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Вевчани.

Минуваме на **точката 35** - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Работната организација Стоматолошки факултет - Стоматолошки клиники - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Богдановски

**ИГНАТ БОГДАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, барам една интервенција во смисла на Предлог - одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Работната организација Стоматолошки факултет-Стоматолошки клиники, молам) во Записникот да биде внесено дека се

работи за Стоматолошки клинички центар, бидејќи Статутот е усвоен и таму стои Стоматолошки клинички центар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е ноторен факт, од стенограмот ќе влезе во записникот

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. К

ој е за, молам да крене рака, се разбира со интервенцијата на г-динот Богдановски? (64 пратеници)

Дали е некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Работната организација Клинички центар - Стоматолошки клиники - Скопје.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Деловничка интервенција има г-дин. Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека не постои ниту атмосфера ниту клима за поставување пратенички прашања. Тоа е едно.

Второ, вчера е добиен одговор на едно пратеничко прашање поставено во јуни минатата година од колегата Нано Ружин. Одговорот пристигна вчера. Такви пратенички прашања и такви одговори мислам дека се нецелисходни.

Трето, да искористиме прилика преку претставниците на Владата максимално да се даде одговор на веќе поставени прашања и на прва наредна седница прва точка на дневниот ред да бидат пратеничките прашања.

X/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Станковски бара деловнички.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас посебно би им се заблагодарил на присутните министри воедно тоа значи за отсатните нема никакво оправдување. Рековме на една од седниците дека министрите треба своите термини да ги прилагодуваат према Собранието. И, треба да им биде чест да бидат тој ден кога треба да бидат заедно со пратениците.

Само ќе кажам дека имам само две прашања, нема да ги образложам, тоа се прашања за г-дин министер за здравство. Едното е во сферата...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, Ве молам, побаравте...

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Едното е во сферата на снабдување со лекарствата, а другото за стоматолошките проблеми во Македонија. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира имате право да поставите пратенички прашања. Ова беше деловничка интервенција.

Ако го делам расположението на пратениците можам да ви предложам оваа точка да ја одложиме, бидејќи за 29-ти закажавме нова седница на Собранието. Тогаш оваа точка да ја разгледаме како прва точка од дневниот ред.

Дали се согласувате? (се согласуваме)

Ја прекинувам седницата, продолжуваме на 29.05. во 10 час (Седницата прекина во 16,30 часот).